Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05 - 1086/1
14.02. 2020 година
Скопје

Врз основа на член 77 од Закон за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-13/1 од 02.01. 2020 година, по овластување на министерот за правда, заменик Министерот за правда Оливер Ристовски ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за јавна набавка на стоки – набавка на средства за хигиена за подрачните одделенија на Министерството за правда

1.За потребите на Министерство за правда е потребно да се спроведе постапка –постапка од мала вредност - за доделување на договор за јавна набавка на стоки и тоа: набавка на средства за хигиена за подрачните одделенија на Министерството за правда.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка на средства за хигиена за подрачните одделенија на Министерството за правда.

1.2. Предметот на набавка е неделив.
Предметот на набавката е неделив, бидејќи за стоки од ист вид не е целисходно постапката да биде делива, со оглед на тоа што стоките кои се предмет на набавката може да ги понуди еден ист економски оператор.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 360.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 64.800,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 424.800,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 423, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година за 2020/2021.

Digitally signed by
Oliver Ristovski
Date: 2020.02.17
11:02:52 CET

3. *Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка*

*Постапката да се спроведе согласно* ***член 48****, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на* ***постапка од мала вредност****, за доделување на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно* ***член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на** **<u>најниска цена</u>** **понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.***

5. *Плаќањето ќе биде вирмански, во законски утврдениот рок по доставувањето на фактурата во архивата на Министерството за правда.*

6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.*

7. *За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:*

| |
|---|
| 1. *Петар Мирковиќ -* ***претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 2. *Насер Ќамили –* ***член на комисија за јавни набавки*** |
| 3. *Орхан Сулимани –* ***член на комисија за јавни набавки*** |

| |
|---|
| 4. *Ацо Живковски -* ***заменик претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 5. *Весна Цекова – заменик член на комисија за јавни набавки* |
| 6. *Салије Ибраими – заменик член на комисија за јавни набавки* |

8. *Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од* ***член 79*** *од Законот за јавните набавки.*

9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки на Министерство за правда бр. 05-13/1 од 02/01.2020 година, е потребно да се спроведе постапка за доделување на догово за јавна набавка на стоки. Предмет на набавката е набавка на средства за хигиена за подрачните одделенија на Министерството за правда, кој предмет на набавка не е делив Предметот на набавката е неделив, бидејќи за стоки од ист вид не е целисходно постапката да биде делива, со оглед на тоа што стоките кои се предмет на набавката може да ги понуди еден ист економски оператор.

За реализација на оваа набавка во планот за јавни набавки се предвидени средства во вкупен износ од 360.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 64.800,00 денари или вкупн вредност со вклучено ДДВ изнесува 424.800,00 денари, кои средства ќе се обезбедат од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 423 средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година за 2020/2021.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение
Одобрил: Убавка Матевска – Скаловска Раководител на сектор